# С Л У Ж Б Е Н  Г Л А С Н И К
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО
**06.08.2025 год.** **Бр.X**


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/2014, 7/19, 7/20 и 6/25), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на актите донесени на 65-та седница на Советот на Општина Крушево**
**одржана на ден 05.08.2025 година**

1.СЕ ОБЈАВУВААТ актите донесени на 65-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 05.08.2025 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.09-939 од 06.08.2025 година Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007; 16/2014, 7/19, 7/20 и 6/25) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на 65-та седница, одржана на 05.08.2025 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 63-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 21.07.2025 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/2024).

**Бр.08-912/3 од 05.08.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/2024) и член 21 став 1 точка 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Службен гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007, 16/2014, 7/2019, 7/2020 и 6/2025), Советот на општина Крушево на седницата одржана на 05.08.2025 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за сопствено учество на Општина Крушево за реализација на проектот: Изградба на обиколница на Крушево – фаза 1**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Крушево дава согласност за сопствено учество на Општина Крушево во реализацијата на проектот: Изградба на обиколница на Крушево – фаза 1 во износ од 210.936,00 денари.

**Член 2**

Вкупната вредност на проектот изнесува 62.231.135,00 денари со ДДВ, од кои 62.020.199,00 денари со вклучен 18% ДДВ се средства обезбедени од Министерство за транспорт на Република Северна Македонија согласно Договор

за користење на финансиски средства бр. 03-837/1 од 14.07.2025 година, додека 210.936,00 денари ќе биде сопствено учество на Општина Крушево.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Крушево.

**Бр.08-912/5 од 05.08.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ'' бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ" бр.202/2024), член 158 став 1 од Законот за основното образование ("Сл.весник на РСМ" бр.161/19, 229/20, 3/25 и 74/25) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево'' бр.1/2007, 16/2014, 7/2019, 7/20 и 6/25), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 05.08.2025 година, донесе:

## О Д Л У К А
## за дополнување на блок-дотацијата на ООУ "Св.Кирил и Методиј" с.Бучин-Крушево

**Член 1**

Со оваа Одлука се дополнува блок-дотацијата на ООУ "Св.Кирил и Методиј" с.Бучин-Крушево за подигнување на стандардот и квалитетот на наставно образовниот процес, со средства од Буџетот на Општина Крушево.

**Член 2**

Средствата во висина од 670.000,00 ( шестотини и седумдесет илјади) денари, се обезбедени од Буџетот на Општина Крушево, а ќе се користат на следниот начин:

-421110-електрична енергија ...... 60.000,00 денари;
-421220-дрва................... ... 180.000,00 денари;
-425760-превозни услуги во образованието........ 60.000,00 денари;
-426410-објавување на огласи ..... 25.000,00 денари;
-421120-водовод и канализаци ... 30.000,00 денари;
-421290-други материјали за греење 60.000,00 денари;
-423110-канцелариски материјали 20.000,00 денари;
-423710-средства за одржување на хигиена ........ 20.000,00 денари;
-423720-материјали за разни поправки ... 10.000,00 денари;
-424230-дезинфекција, дезинсекција .... 20.000,00 денари;
-424420-поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема .................... 30.000,00 денари;
-424440-поправки и одржување на друга опрема ........ ........................................ 10.000,00 денари;
-425420-примарна здравствена заштита 45.000,00 денари;
-425790-други образовани услуги.15.000,00 денари;
-424990-други договорни услуги .... 50.000,00 денари;
-426990- други оперативни расходи .... 35.000,00 денари;

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-912/6 од 05.08.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основана член 36 став 1 точка 15 од Законот залокалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/2002, и „Службен весник на РСМ" 202/2024), член 131 став 2 точка 3 од Законот за води („Службен весник на РМ" бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16 и „Службен весник на РСМ" бр. 151/21 и 3/25) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево („Службен гласник на Општина Крушево" бр. 1/07, 16/14, 7/19, 7/20 и 6/25), а по претходно добиено Решение за согласност од Министерството заживотна средина и просторно планирање — Сектор води со арх. бр. УП1 - 11/5 - 1010/22 од 12.12.2023 година, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 05.08.2025 година, донесе:

## ОДЛУКА
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ШИРИНА НА КРАЈБРЕЖЕН ПОЈАС НА НОРОВСКА РЕКА И ВОДОТЕЦИ ВО С.НОРОВО ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО НОРОВО, ОПШТИНА КРУШЕВО

**Член 1**

Со оваа одлука се определува ширина на крајбрежен појас на Норовска Река и Водотек 1, Водотек 2, Водотек 3, Водотек 4 во с. Норово, Општина Крушево, а поради заштита и одржување на природното и уредено речно корито и брегот на водотеците.

**Член 2**

- Норовска река, од стационажа 0+000 до 1+466, дефинирана со почетни координати Y - 7523408.5948 и X - 4584484.7874 и крај на уредно корито дефинирано со координати Y - 7524026.5687 и X - 4583236.2707, со ширина на крајбрежен појас по 3 метри од крајната линија на регулацијата од левата и десната страна на коритото на водотекот;

- Водотек 1, од стационажа 0+000 до 0+231, дефиниран со почетни координати Y - 7522962.1449 и X - 4584376.0339 и крај на уредено корито Y - 7523120.316 и X - 4584254.7855, со ширина на крајбрежен појас по 3 метри од крајната линија на регулацијата од левата и десната страна на коритото на водотекот;

- Водотек 2, од стационажа 0+000 до 0+538, дефиниран со почетни координати Y - 7522974.7900 и X - 4584244.0328 и крај на уредено корито Y - 7523496.4341 и X - 4584263.862, со ширина на крајбрежен појас по 3 метри од крајната линија на регулацијата од левата и десната страна на коритото на водотекот;

- Водотек 3, од стационажа 0+000 до 0+716, дефиниран со почетни координати Y - 7523149.0274 и X - 4583821.0019 и крај на уредено корито Y - 7523640.7538 и X - 4584068.7696, со ширина на крајбрежен појас по 3 метри од крајната линија на регулацијата од левата и десната страна на коритото на водотекот;

- Водотек 4, од стационажа 0+000 до 0+251, дефиниран со почетни координати Y - 7523786.0234 и X - 4583206.9954 и крај на уредено корито Y - 7524021.9432 и X - 4583220.4435, со ширина на крајбрежен појас по 3 метри од крајната линија на регулацијата од левата и десната страна на коритото на водотекот;

**Член3**

Составен дел на оваа одлука е заверен графички прилог – синтезен план од Хидролошката студија за Норовска река и водотеци во плански опфат на УПС Норово, Општина Крушево, со тех. бр. 0801-09-12/21 од 04/2023година.

**Член4**

Одлуката ќе се применува при донесување, изменување и дополнување на одлуки за урбанистички планови.

**Член5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-912/7 од 05.08.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/2002, и „Службен весник на РСМ“ 202/2024) и член 131 став 2 точка 3 од Законот за води („Службен весник на РМ“ бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16 и „Службен весник на РСМ“ бр. 151/21 и 3/25), член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево („Службен гласник на Општина Крушево“ бр. 1/07, 16/14, 7/19, 7/20 и 6/25), а по претходно добиено Решение за согласност од Министерството за животна средина и просторно планирање-Сектор води со арх. бр.УП1 - 11/5 - 500/22 од 12.12.2023 година, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на ден 05.08.2025 година, донесе:

## ОДЛУКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ШИРИНА НА КРАЈБРЕЖЕН ПОЈАС НА НОРОВСКА РЕКА И ВОДОТЕЦИ ВО СЕЛО АЛДАНЦИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО АЛДАНЦИ, ОПШТИНА КРУШЕВО

**Член 1**

Со оваа Одлука се определува ширина на крајбрежен појас на Норовска Река и Водотек 1, Водотек 2, Водотек 3, Водотек 4 и Водотек 5 во с. Алданци, Општина Крушево, а поради заштита и одржување на природното и уредено речно корито и брегот на водотеците.

**Член 2**

- Норовска река, од стационажа 0+000 до 1+119, дефинирана со почетни координати Y - 7525108.1666 и X - 4581068.9942 и крај на уредно корито дефинирано со координати Y - 7525413.6298 и X - 4580021.1485, со ширина на крајбрежен појас по 3 метри од крајната линија на регулацијата од левата и десната страна на коритото на водотекот;

- Водотек 1, од стационажа 0+000 до 0+920, дефиниран со почетни координати Y - 754620.5709 и X - 4580678.7207 и крај на уредено корито Y - 7525131.2851 и X - 4579938.0951, со ширина на крајбрежен појас по 3 метри од крајната линија на регулацијата од левата и десната страна на коритото на водотекот, а дел од коритото е со заштитен појас од 3 метри од една страна и улица од другата страна;

- Водотек 2, од стационажа 0+000 до 0+510, дефиниран со почетни координати Y - 7524662.1745 и X - 4580302.1651 и крај на уредено корито Y - 7525114.1112 и X - 4580234.4817, со ширина на крајбрежен појас по 3 метри од крајната линија на регулацијата од левата и десната страна на коритото на водотекот, а дел од коритото е со заштитен појас од 3 метри од една страна и улица од другата страна;

- Водотек 3, од стационажа 0+000 до 0+184, дефиниран со почетни координати Y - 7524964.5497 и X - 4579992.8686 и крај на уредено корито Y - 7525129.212 и X - 4580045.3306, со ширина на крајбрежен појас по 3 метри од крајната линија на регулацијата од левата и десната страна на коритото на водотекот, а дел од коритото е со заштитен појас од 3 метри од една страна и улица од другата страна;

- Водотек 4, од стационажа 0+000 до 0+235, дефиниран со почетни координати Y - 7525668.6054 и X - 4580089.6374 и крај на уредено корито Y - 7525443.2627 и X - 4580026.6607, со ширина на крајбрежен појас по 3 метри од крајната линија на регулацијата од левата и десната страна на коритото на водотекот;

- Водотек 5, од стационажа 0+000 до 0+227, дефиниран со почетни координати Y - 7525215.5346 и X - 4580975.7771 и крај на уредено корито Y - 7525176.6488 и X - 4580816.4783, со ширина на крајбрежен појас по 3 метри од крајната линија на регулацијата од левата и десната страна на коритото на водотекот;

**Член3**

Составен дел на оваа одлука е заверен графички прилог – синтезен план од Хидролошката студија за Норовска река и водотеци во плански опфат на УПС Алданци, Општина Крушево, со тех. бр. 0801-01-11/21 од 08/2023година.

**Член4**

Одлуката ќе се применува при донесување, изменување и дополнување на одлуки заурбанистички планови.

**Член5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Крушево".

**Бр.08-912/8 од 05.08.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ( „Службен весник на РМ" бр. 5/2002 и„Службен весник на РСМ" 202/2024 ), член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево ( „ Службен гласник на Општина Крушево" бр 1/2007, 16/2014, 7/19, 7/20 и 6/25 ), а во врска со член 26 став 1 точка 6, од Законот за експропријација ( ,,Службен весник на РМ" бр. 95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 26/16 , 178/16„Службен весник на РСМ" 122/21, 111/23 и 208/24), Советот на

Општина Крушево на седница одржана на 05.08.2025 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за резервирани средства за експропријација во Буџетот на Општина Крушево за 2025 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се потврдува дека во Буџетот на Општина Крушево за 2025 година се резервирани средства за експропријација во вкупен износ од 30,000 денари, расходно конто 485.420 надомест за одземен имот програма ЕА.

**Член 2**

Средствата од став 1 на овој член ќе се искористат во постапката за експропријација при реализација на јавен интерес на локално значење.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крушево“.

**Бр.08-912/9 од 05.08.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 11 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 185/15, 217/15, 31/16 и 190/17``и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.174/21), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ( „Службен весник на Република Македонија” бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/2016 година.), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и 202/2024) и член 21 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Крушево („ Службен гласник на Општина Крушево“ бр. 1/07 и 16/14, 7/19 ,7/20 и 6/25), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 05.08.2025 година, донесе:

**О Д Л У К А**
***со која се утврдува да се донесе урбанистичко планска документација за усогласување на намената на земјиштето во Општина Крушево***

**Член 1**

СЕ УТВРДУВА дека ќе се донесе урбанистичко - планска документација со која ќе се изврши усогласување на намената на земјиштето согласно намената на бесправниот објект кој се вклопува за Асаноски Ајетна КП.бр.301КО Саждевопрема графичкиот прилог кој е составен дел на оваа одлука.




**Член 2**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на објавувањето во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-912/10 од 05.08.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ‘‘ бр.202/2024), член 32 став 2 од Законот за финансирање на Единиците на локалната

самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.61/2004; 96/2004; 67/07; 156/09; 47/11; 192/15 и 209/18 и „Сл.весник на РСМ" бр.244/19; 53/21; 77/21; 150/21 и 173/22) и член 21 став 1 точка 4 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/2014, 7/2019, 7/2020 и 6/25), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 05.08.2025 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на кварталниот Извештај за извршување на Буџетот**
**на Општина Крушево за периодот од 01.01.2025 год. до 30.06.2025 год.**

1. СЕ УСВОЈУВА кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на Општина Крушево за периодот од 01.01.2025 год. до 30.06.2025 год.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-912/11 од 05.08.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

**С О Д Р Ж И Н А**

**Ре.бр.** **стр.**
1.Заклучок за објавување на актите донесени на 65-та седница на Советот на Општина Крушево … 1
2. Заклучок за усвојување на записникот од 63-та сед на Советот на Општина Крушево ............. 1
3. Измени и дополнуавања на Буџетот на Општина Крушево за 2025 година (втор ребаланс) ............................................................................ 1
4. Одлука за сопствено учество на Општина Крушево за реализација на проектот „Изградба на обиколница на Крушево-фаза 1„ ...................... 1
5. Одлука за дополнување на блок-дотацијата на ООУ „Св.Кирил и Методиј" с.Бучин-Крушево ........................................................................... 2
6. Одлука за определување на ширината на крајбрежниот појас на норовска река и водотеците во с.Норово за донесување на урбанистички план за село Норово, Општина Крушево .................. 2

7. Одлука за определување на ширината на крајбрежниот појас на норовска река и водотеците во село Алданци за донесување на урбанистички план за село Алданци, Општина Крушево ............................................................................ 3
8. Одлука за резервирани средства за експропријација во Буџетот на Општина Крушево за 2025 година .................................................. 4
9. Одлука со која се утврдува да се донесе урбанистичко планска документација за усогласување на намената на земјиштето во Општина Крушево по барање од Асаноски Ајетна од с.Саждево ..................................................... 4
10. Заклучок за усвојување на кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на Општина Крушево за периодот од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година .......................................... 6
11. Измена и дополнување на програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2025 година ..................................... 6

Редакциски одбор на Општина Крушево-самостоен референт Кире Николоски.